

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОДАЖБА

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Сектор за население/ Оддел Мрежа на експозитури/Служба за развој на продажбата

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

- Одржување и промовирање на деловна мрежа на лица кои се вклучени во локалната економска заедница;
- Подготовка на акциски планови за активностите во рамки на промотивните периоди и обезбедување поддршка на промотивните активности;
- Воспоставување и развој на релациите со постоечките клиенти и изградба на мрежа на идни потенцијални клиенти;
- Анализа на потребите на крајните потрошувачи, советување на клиентите, продажба на производи и услуги, земајќи ги во предвид специфичните потреби на клиентот и на профитабилноста на Банката;
- Одлично познавање на продуктите на банката, познавање на Тарифата и правила на каматни стапки и познавање на кредитната политика и ризик политиката и правилата на Банката;
- Подготовка на акционен план за реализација на комерцијалните цели и креирање на доверба на клиентот.

## Кои квалификации се потребни

Минимум ССС;

Работно искуство во продажба и промоција на производи и услуги, остварување на таргети и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (MS Office);

Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, активна продажба, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно до **31.03.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОДАЖБА“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank